TIKVEŠ
SINCE 1885

СООПШТЕНИЕ

# Радош Вукиќевиќ – нов генерален директор на ВВ „Тиквеш“

*Скопје, 04.07.2017* – Управниот одбор на винарската визба „Тиквеш“ го именува Радош Вукиќевиќ за нов генерален директор на компанијата, кој стапува на функцијата од 03.07.2017 година.

Радош Вукиќевиќ е искусен професионалец кој одлично ја познава винската индустрија и самиот „Тиквеш“, со оглед на тоа што од почетокот на 2010 до средината на 2013 година беше менаџер за маркетинг и односи со јавност во компанијата.

Во својата досегашна кариера, Вукиќевиќ работел и на други одговорни позиции, како претставник на компанијата „Кока-Кола“ (The Coca-Cola Company) за Македонија, како и регионален менаџер за продажба и директор на сектор за управување со ланецот за набавки и логистика во компанијата „Алкалоид“, каде стекнал драгоцени искуства и вештини од областа на менаџментот, продажбата и развојот на нови пазари. Во изминатите четири години ја извршуваше функцијата економски промотор на Република Македонија со седиште во Софија, одговорен за пазарите на Бугарија и Србија.

Тимот на ВВ „Тиквеш“, дополнет со искусен професионалец каков што е Радош Вукиќевиќ, ќе продолжи со остварување на зацртаната стратегијата на „Тиквеш“ за долгорочен одржлив развој преку континуирани вложувања во технологија, во иновации и производство на автентични, висококвалитетни вина и нивен пробив на светските вински пазари.

За дополнителни информации:

Винарска визба „Тиквеш“ (комуникации), тел. +389 2 3181 741
ImagePR, тел. +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk